**Архиепископски соборен храм ,,Свети Климент Охридски,, - Скопје**

Во Скопје,  во близина на центарот на градот се наоѓа прекрасниот Храм посветен на патронот и заштитникот на Македонската Православна Црква, Свети Климент Охридски. Македонскиот народ му изгради храм на вечниот небесен граѓанин, бесмртниот великан, големиот проповедник и апостол, архиерej, основоположникот на древната Охридска Архиепископија, чија наследничка е денешната Света Македонска Православна Црква.
Проектант на храмот Св. Климент Охридски е дип.инж. архитект Славко Безовски, професор на Архитектонскиот факултет. Изведувач е дип.инж. архитект Генадиј Бужаровски. Камен-темелник на Соборниот храм во Скопје беше положен на 23 април 1972 г. Храмот беше осветен на 12 август 1990 г.
Над централната огромна дрвена врата стои запишано:
АРХИЕПИСКОПСКИ СОБОРЕН ХРАМ СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ. Над овој натпис, во медалјон и во мозаик, е изработен ликот на Свети Климент Охридски, а десно и лево од него, во мозаик, ликовите на Св. Апостол Павле и Св. Цар Јустинијан.
Во уредениот двор силен впечаток остава бронзената статуа со ликот на Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Доситеј, високата камбанарија и фонтаната.
Во внатрешноста на Храмот го гледаме големиот четирикатен Иконостас, Царските двери, Централното кубе кое е фрескоживописано и бројните фрески, икони, дрвени и метални постаменти украсени со повеќе икони.
Во внатрешноста на олтарот, на источната апсида е насликана во цел раст Пресвета Богородица поширока од небесата, а десно и лево од неа, се фрескоживописани Св. Архангел Михаил и Св. Архангел Гаврил. Под оваа голема фреска е насликана композицијата ,,Причестувањето на Апостолите,,. Во олтарниот простор е насликана и композицијата  ,,Служба на архиереите на Христос Агнец,, со два архангели Господови. Во олтарниот простор во цел раст се насликани: Св. Ахил Лариски, Св. Методиј Солунски, Св. Григориј Богослов, Св. Николај Мирликијски, Св. Василиј Велики, Св. Јован Златоуст, Св. Кирил Александриски, Св. Климент Охридски, Св. Григориј Ниски, Св. Атанасиј Велики.
На Светиот престол кој е во олтарот се наоѓа големо Свето Евангелие, Света дарохранилница, свеќници, рачен Крст и богослужбени книги. Во Светиот престол, во горниот дел во еден отвор се ставени Свети мошти од Св. Климент Охридски. Зад Светиот престол се гледа ,,Распетието Христово,,.
Царските двери се во резба со изработени птици, гранчиња, листови, цветови. На Царските двери е насликано Светото Богородично Благовештение. На овие двери се наоѓа и икона со ликот на Господ Исус Христос, Велик Архиерej, а над Него - Крст во резба.
Над сето тоа е насликана иконата ,,Недремливо око,,. Десно од Царските двери се наоѓаат големите престолни икони со ликовите на: Господ Исус Христос, Св. Јован Крстител, Светите рамноапостолни браќа Кирил и Методиј, Св. маченик архиѓакон Стефан, Св. преподобна Параскева со Св.

преподобна Недела и Св. Прохор Пчински со Св. Јован Рилски.  Лево од Царските двери се наоѓаат големите престолни икони со ликовите на: Пресвета Богородица со Богомладенецот Исус, Св. Климент Охридски - патронот на МПЦ, Св. Наум Охридски, Св. Архангел Михаил - Првоначалник на ангелите, Св. Никола Чудотворец и Св. Јоаким Осоговски со Св. Гаврил Лесновски. Пред престолните икони горат кандила. Во првиот ред над престолните икони, над Царските двери, на централното место, е насликана последната вечера на Господ Исус Христос со Неговите ученици, ,,Тајната вечера,,. Имињата на Дванаесетте апостоли се овие: Симон, наречен Петар, и Андреј, брат негов; Јаков Заведеев и Јован, братот негов; Филип и Вартоломеј, Тома и Матеј митникот, Јаков Алфеев и Леви, наречен Тадиј, Симон Кананид и Јуда Искариот, кој и Го предаде. Претставен е моментот кога Исус ја востановува светата тајна Причест. Десно од копозицијата ,,Тајната вечера,, е насликано ,,Господовото Вознесение,,. Следната икона го претставува ,,Симнувањето на Светиот Дух,, над Дванаесетте Христови Апостоли.  До оваа композиција е насликано ,,Успението на Пресвета Богородица,,, а до неа ,,Христово преображение,,. Следи иконата ,,Рождество на Богородица,,.

Десно е насликано ,,Рождеството Христово, а лево од оваа композиција е насликано ,,Свето Богојавление,,, а до неа ,,Влегувањето на Господ Исус Христос во Ерусалим,,. Во близина е претставено и ,,Сретението Господово,,. Лево од ,,Сретението Господово,,, ја забележуваме композицијата ,,Воздвижение на Чесниот Крст,,. Помеѓу светите рамноапостолни цар Константин и царица Елена се забележува големиот Господов Крст. До оваа икона е насликано ,,Светото Богородично Благовештение,,, а лево од неа ,,Воведението на Пресвета Богородица,, во Соломоновиот храм. Значи, забележуваме дека лево и десно од композицијата на ,,Тајната вечера,, се насликани по шест празници.
Во вториот ред, над престолните икони на централното место е претставено ,,Воскресението Христово,,. Фрескописано е како Воскреснатиот Христос ја победува смртта и излегува од гробот. На левата и на десната страна од оваа композиција се насликани Дванаесетте Христови Апостоли, по шест од едната и од другата страна. На левата страна се насликани Св. апостол Петар со Св. апостол Андреј, Св. Апостол Филип со Св. апостол Тома, Св. апостол Симеон со Св. апостол Јаков, брат Господов. На десната страна од ,,Воскресението Христово,, се насликани: Св. апостол Павле со Св. апостол Јаков, брат Господов, Св. апостол Тадеј со Св. апостол Матеј, Св. апостол Јован со Св. апостол Вартоломеј.

Како што веќе спомнавме, во внатрешноста на Соборниот Храм посветен на бесмртниот великан Св. Климент Охридски, го гледаме големиот четирикатен Иконостас, Царските двери, Централното кубе, фрески, икони, дрвени и метални постаменти украсени со повеќе икони. Во првиот ред на големиот четирикатен Иконостас се наоѓаат престолните икони со ликовите на Господ, Богородица и другите спомнати светители, а на вториот ред – Господовите празници. Во третиот ред, над престолните икони, на централното место, е насликана композицијата "Деизис" (Господ Исус Христос со Богородица и Свети Јован Крстител). Десно и лево од оваа композиција се забележуваат по две икони на кои се насликани ликовите на: Исаија, Еремија, Данило и Езекија. Најгоре, над композицијата "Деизис" е прикажано "Распетието Христово".
Фреските во Олтарот и Иконостасот се насликани од познатите академски сликари: Спасе Спиревски, Ѓорги Даневски, Јован Петров. Над Крстот на кој е распнат Христос, а на извесно растојание се забележува фреската со "Неракотворниот образ на Господ Исус Христос", а лево и десно од Него се фрескописани Св. Архангел Михаил и Св. Архангел Гаврил. До нив, уште по еден ангел во лет.
Во централното кубе е фрескописан Господ Исус Христос, Кој со десната рака благословува, а во левата рака го држи затворено Светото Евангелие. Околу Господ Исус Христос, во круг и во лет се живописани повеќе ангели, а над него следува друг поголем круг со група ангели.
Во внатрешноста на црквата, високо горе на аглите, се насликани Светите Евангелисти и тоа: Св. Ев. Матеј, Св. Ев. Марко, Св. Ев. Јован и Св. Ев. Лука со Богородица и Господ Исус Христос. На источниот ѕид во близина на Иконостасот во цел раст е насликан Свети Климент Охридски. На југоисточниот ѕид се насликани Светите Седмочисленици: Св. Ангеларij, Св. Горазд, Св. Климент, Св. Кирил, Св. Методиј, Св. Наум и Св. Сава. На јужниот ѕид се фрескоживописани: Св. Еразмо Лихнидски, Св. Ахил Лариски и Преспански, Св. Иларион Мегленски, Св. Гаврил Лесновски, Св. Прохор Пчински и Св. Јоаким Осоговски. Во нивна близина е насликан Св. Ѓорѓи Кратовски. На југозападниот ѕид се фрескоживописани: Свети Пантелејмон и Св. Кузман и Дамјан, а до нив е претставена сцената за едно од чудата на Св. Никола на море.
До него следи голема фреска со Св. великомаченик Георгиј кој јава на коњ и ја убива аждајата.
Во близина на Иконостасот, на источниот ѕид е живописан Св. архиѓакон Стефан. На североисточниот ѕид се забележува голема фреска со композицијата "Деизис". – Претставен е Господ Исус Христос со Богородица и Свети Јован Крстител. На северниот ѕид се фрескописани: Св. мч. Трифун, Св. Антониј Велики, Св. Макариј Велики, Св. Евтимиј Велики, Св. цар Константин и Св. царица Елена со Светиот Господов Крст помеѓу нив, и Св. вмч. Мина. На северозападниот ѕид се: Св. Великомаченица (Вмч.) Катерина, Св. вмч. Недела, Св. мч. Текла, Св. преп. Петка, Св. мч-ца Варвара, Св. Маченица (мч-ца) Ирина, Св. мч-ца Злата Мегленска.

Следи огромна фреска со ликот на Св. вмч. Димитриј како јава на коњ и со копје го убива човекоубиецот Лиј. Над него е насликана Божјата рака која благословува.
Во средината на централниот дрвен целивен постамент е поставена голема сребрена икона со ликот на Св. Климент Охридски. Лево од него, иконата на Богородица со Богомладенецот Христос, а десно од него, иконата со празникот на денот. Во внатрешноста на Храмот, освен централните, се поставени и други постаменти со вертикален и хоризонтален дел, на кои се поставени големи икони со ликовите на: Св. Климент Охридски, Св. Вмч. Мина, Св. Преподобна Петка, Св. Вмч. Недела, Св. Никола Чудотворец, Св. Вмч. Пантелејмон, Св. Атанасиј, Св. Сисое, Св. мч. Фануриј и други светители. Пред нивните ликови горат кандила. На северозападната страна, во внатрешноста на храмот се наоѓа уште еден постамент со икони на: Богородица со Богомладенецот Исус Христос. Околу нив се прикажани важни настани од животот на Христа: Крштевањето од Св. Јован Крстител во реката Јордан, Распетието Христово, Воскресението Христово и други сцени и ликови на светители.
На еден од внатрешните столбови од црквата е поставена огромна икона со ликот на Свети Наум Охридски Чудотворец, кој со десната рака благословува, а во левата рака држи свиток. Пред него гори кандило. Во негова близина се наоѓа специјално изработена метална куќичка за почит на починатите, во која гори кандило.

Во Храмот силен впечаток остава и Христовиот престол кој е изработен во резба. На него е поставена иконата на Господ Исус Христос Кој седи на престолот и со Својата десна рака благословува, а во левата рака го држи Светото Евангелие – отворено. Под оваа икона е поставена икона со прекрасно изработен Крст, украсен со дијаманти. Певницата во Храмот е дрвена, голема и делумно во резба. Се наоѓа на јужниот дел од црквата.
На јужната страна, во внатрешноста на црквата, има постамент со иконите на: Светите Петнаесет Тивериополски маченици, Светите Четириесет маченици, Света Недела и Свети Теодор Тирон. На пространата галерија, во внатрешноста на Храмот, во празничните и неделните денови настапува познатиот црковен хор “Свети Климент Охридски”.